# Универзитетски гласник

*Издавач*
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

*Уредник на издавачката дејност на УКИМ*
**Проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

*Уредник на Универзитетски гласник*
**м-р Марија Маневска, генерален секретар**

*Лектор*
**Весна Илиевска Цветановска**

*Техничко уредување*
**Зоран Кордоски**
**м-р Елизабета Додевска**

**О д л у к а**
за изменување и дополнување на Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Факултет за ветеринарна медицина – Скопје ........................................................ 2

**О д л у к а**
за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје (пречистен текст) ............................ 7

Врз основа на член 110, став (1), точка 13 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 154/19, бр. 178/2021 и бр. 58/2024), член 2 од Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 161/2010), Колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Службен весник на Република Северна Македонија бр.287/2022) и член 62, став 1, точка 15 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 460/2019 и бр. 460/2023 – Анекс), Наставно-научниот совет на Факултетот, на својата седница одржана на 18.11.2024 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Факултет за ветеринарна медицина – Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Факултет за ветеринарна медицина – Скопје, (Универитетски гласник бр. 190/11, бр. 396/18, бр. 493/20, бр. 586/22 и бр. 625/22.

**Член 2**

Членот 1 се менува и гласи:

„Со оваа одлука се утврдуваат платите, надоместоците и додатоците на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот ’Св. Кирил и Методиј‘ во Скопје – Факултет за ветеринарна медицина – Скопје, како и на лицата кои вршат одредени активности поврзани со остварувањето на дејноста на Факултетот“.

**Член 3**

Во член 2, по зборот „закон“ се додаваат зборовите „Колективниот договор на Универзитетот ’Св. Кирил и Методиј‘ во Скопје (во понатамошниот текст: Колективниот договор).“

**Член 4**

Во член 3, став 2, по зборот „договор“ се додаваат зборовите „и закон“.

Ставот 3 се брише.

**Член 5**

Во членот 6, по зборот „компоненти“ се додаваат запирка и зборовите: „кои се исплаќаат во рамки на платата, и тоа:“.

**Член 6**

Членот 7 се менува и гласи:

„Основната бруто плата се состои од:

- дел кој се исплаќа од основниот буџет на Министерството за образование и наука (буџетски дел), и
- дел кој се исплаќа од сопствените приходи на Факултетот.

Вкупната плата се изразува врз основа на сопствена утврдена методологија на Факултетот во согласност со закон, Колективниот договор и оваа одлука.“

**Член 7**

Во членот 7-а, став 1, точка 1, по зборот „наставно- научни“ се додава зборот „научни“.

Во алинеја 1, зборовите „асистент докторанд“ се бришат.

Точката А се менува и гласи:

„Категорија А – наставно-научни звања и научни звања:

- ниво А1 – редовен професор/научен советник,
- ниво А2 – вонреден професор/виш научен соработник,
- ниво А3 – доцент/научен соработник.“

**Член 8**

По членот 7 -а се додаваат 5 нови члена: 7-б, 7-в, 7-г, 7-д и 7-ѓ , кои гласат:

„Член 7-б

Основната компонента на бруто плата се исплаќа од основниот буџет на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, согласно со Законот за високото образование и Колективниот договор, за секое пополнето работно место согласно со Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје (Анекс бр. 11) (во понатамошниот текст: Правилникот за систематизација).

Платата на вработениот утврдена во став 1 на овој член не смее да биде во понизок износ од утврдената висина на минималната плата утврдена на национално ниво.

Член 7 -в

Делот од основната бруто плата кој се исплаќа од сопствените приходи на Факултетот се утврдува според бодови за секое работно место утврдени со оваа одлука според степенот на стручната подготовка, видот, обемот, сложеноста на работите што работникот ги врши на работното место за кое склучил договор за вработување, односно на кое е распореден, одговорноста на работникот, стекнатите знаења и вештини.

Вредноста на бодот врз основа на која се врши исплаќање на основната компонента на бруто плата од делот на сопствените приходи зависи од расположливите средства на Факултетот.

Член 7-г

Надоместоците и додатоците на платата и делот од платата за работна успешност се дел од исклучителната компонента на платата.

Член 7-д

Коефициентот за исплата на основната бруто плата, која се исплаќа од основниот буџет на Министерството за образование и наука, се утврдува согласно со коефициентите на сложеност на работните места дадени во табеларниот приказ на членот 20 од Колективниот договор и член 170-б од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 154/19, бр. 178/21 и бр. 58/24).

Член 7-ѓ

Висината на делот од основната бруто плата кој се исплаќа од сопствени приходи на Факултетот за нормираниот обем на работи и работни задачи, изразена во бодови по работни места, се утврдува според следниов распоред на бодови (Прилог 1):

| Ред. бр/ | **Работни места, односно работни задачи на вработените во категории и нивоа на работни места** | **Бодови** |
|---|---|---|
| 1. | Редовен професор/научен советник | 2188 |
| 2. | Вонреден професор/виш научен соработник | 2063 |
| 3. | Доцент/научен соработник | 1938 |
| 4. | Асистент | 2019 |
| 5. | Доктор по ветеринарна медицина | 1563 |
| 6. | Стручен соработник | 1563 |
| 7. | Стручен соработник – аналитичар | 1563 |
| 8. | Секретар на Факултетот | 1938 |
| 9. | Раководител на Одделение за финасиско и административно работење | 2019 |
| 10. | Советник за библиотечно работење | 1563 |
| 11. | Советник за финансиско работење | 1563 |
| 12. | Советник за сметководствено работење | 1563 |

| | | |
|---|---|---|
| 13. | Советник за деловно работење | 1563 |
| 14. | Советник за ИКТ | 1563 |
| 15. | Советник за студентски прашања | 1563 |
| 16. | Помлад соработник за деловно работење | 1875 |
| 17. | Самостоен референт за сметководствени работи | 1875 |
| 18. | Самостоен референт за материјално и магацинско работење | 1875 |
| 19. | Самостоен референт за благајна | 1875 |
| 20. | Самостоен референт за јавни набавки | 1875 |
| 21. | Лаборант/ветеринарен техничар | 2063 |
| 22. | Одгледувач на домашни животни | 1500 |
| 23. | Хигиеничар | 1850 |

По исклучок од став 1 на овој член, за вработените лица кои земаат основна бруто плата само од сопствени средства/приходи на Факултетот, висината на платата се определува според коефициент од Колективниот договор за соодветното работно место и дел од бруто плата од сопствени приходи утврдени во табелата од став 1 од овој член.“

**Член 9**

Во член 8, став 1, зборовите „актот за организација и систематизација на работните места на Факултетот“ се заменуваат со зборовите „Правилникот за систематизација“.

**Член 10**

Во член 10, став 1, точка 2, потточката „г“ се менува и гласи: „телата на Факултетот: Стручен колегиум, Наставно-научен колегиум на студиска програма за специјалистички студии, Совет на студиска програма за трет циклус – докторски студии, Тело за контрола на квалитет, Наставно-стручен колегиум и сл.“

По став 2 се додаваат 2 нови става 3 и 4, кои гласат:

„Основната плата на соработниците со полно работно време се остварува за извршување вежби во обем од 360 часа годишно.

Со исполнување на 60 часа вежби се смета дека соработникот остварил 360 часа годишно.“

**Член 11**

Во член 12, став 1 се менува и гласи:

„Доколку лицето избрано во наставно-научно, научно и соработничко звање не ги исполнува критериумите од членовите 10 и 11 од оваа одлука за да оствари основна плата, тогаш извршува работи во високобразовна дејност во обем потребен за да ја оствари основната плата. Ако и во тој случај не може да го оствари потребниот обем, платата му се утврдува согласно со обемот на работата или со вршење работи и задачи од член 25 на оваа одлука.“

**Член 12**

Во член 14, став 1, зборовите „актот за организација и систематизација на работните места на Факултетот“ се заменуваат со зборовите „Правилникот за систематизација“.

**Член 13**

Во член 16, став 1, точка 1, зборовите „актот за организација и систематизација на работните места на Факултетот“ се заменуваат со зборовите „Правилникот за систематизација“.

**Член 14**

Во член 17, став 2 се менува и гласи:

„Делот од платата за работна успешност може да се исплати од сопствени приходи, доколку за тоа Факултетот има обезбедено средства за таа намена, а согласно со мерила и критериуми за делот од плата за работна успешност утврдени со општ акт на Факултетот“.

**Член 15**

Во член 18, став 1 се менува и гласи:

„За работната успешност на вработените се води евиденција согласно со Правилникот за систематизација, за што се изготвува извештај во кој се наведуваат критериумите од членот 16 на оваа одлука“.

**Член 16**

Во член 20, став 1, зборовите „за високо образование и наука“ се бришат.

**Член 17**

Во член 21, став 1, зборовите „за високо образование и наука“ се бришат.

**Член 18**

Во член 22, став 1 се менува и гласи:

„За извршување на раководни функции се исплаќа функционален додаток, кој се изразува во коефициенти во однос на износот на минималната нето плата и се утврдува во висина:

1. за декан – во висина од 1,7 коефициент;
2. за продекан/раководител на институт – во висина од 1,3 коефициент“.

Се додава нов став 3, кој гласи:

„Функционалниот додаток на плата се исплаќа од сопствените приходи на Факултетот“.

**Член 19**

Членот 24 се менува и гласи:

„Делот од основната бруто плата кој се исплаќа од сопствените приходи на Факултетот се искажува во бодови за секое работно место утврдено со Правилникот за систематизација.

Во бодови се искажуваат и надоместоците и додатоците на плата, како и дополнителните средства, утврдени со оваа одлука, кои се исплаќаат од сопствените приходи на Факултетот.

Вредноста на бодот е единствена за сите основи од ставовите 1 и 2 од овој член.

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, ја определува Деканатската управа.“

**Член 20**

Во член 26, став 1 се додава нова точка 1, која гласи: „извршување работи за реализација на студиска програма по англиски јазик,“.

Во став 2, зборовите „постдипломски, односно“ се бришат.

Точките 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 стануваат точки: 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9.

**Член 21**

По член 26 се додава нов поднаслов и нов член 26-а, кои гласат:

*Извршување работи за реализација на студиска програма на англиски јазик*

Член 26-а

За реализација на наставната програма на англиски јазик се исплаќа надомест врз основа на видот и обемот на ангажманот на лицата вклучени во реализација на студиската програма согласно со одлука донесена од Наставно-научниот совет.

Ангажираните лица доставуваат извештај за извршените активности до продеканот за настава.

Продеканот за настава води евиденција за реализираната настава и доставува извештај до деканот на Факултетот. Продеканот за финансии и инвестиции врши проверка на вкупниот обем на часови за соодветната студиска програма заради исплата.“

**Член 22**

Членот 27 се менува и гласи:

„За реализација на специјалистичките студии се исплаќа надомест врз основа на видот и обемот на ангажманот на лицата вклучени во реализација на студиската програма согласно со одлука донесена од Наставно-научниот совет.

Раководителите на наставно-научните колегиуми на студиските програми за специјалистички студии водат евиденција и доставуваат извештај за реализација на наставата. Извештајот се доставува до продеканот за наука и меѓународна соработка заради одобрување, по што се проследува до продеканот за финансии и инвестиции. Продеканот за финансии и инвестиции врши проверка на вкупниот обем часови и нивната реализација заради исплата.“

**Член 23**

Во член 28 , став 2, по точката се додава нова реченица која гласи:

„Продеканот за финансии и инвестиции врши проверка на вкупниот обем часови за соодветната катедра согласно со распоредот на часовите и врши евиденција на исплатите.“

**Член 24**

Член 29 се брише.

**Член 25**

Членовите 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38, 39, 40 и 41 стануваат членови 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38, 39 и 40.

**Член 26**

Во членот 29, зборовите „одлуката на Факултетот“ се заменуваат со зборовите „одлука донесена од Наставно-научниот совет. “

**Член 27**

Во членот 32 се додава нов став 4, кој гласи: „Продеканот за финансии и инвестиции врши проверка на извештајот и води евиденција за исплатите.“

Ставовите 4, 5 и 6 стануваат ставови 5, 6 и 7.

**Член 28**

Во членот 34 се додава нов став 3, кој гласи: „Продеканот за финансии и инвестиции врши проверка на извештајот и води евиденција за исплатите.“

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 4 и 5.

**Член 29**

Во членот 33, став 2, алинеја 1 се менува и гласи:

- „раководител на Лабораторија со акредитирани методи, раководител на Лабораторија за прием и обработка на примероци и на раководител на Лабораторија со апликативна дејност за потребите на Факултетот;“
- Во алинеја 3, зборот„координатор “ се заменува со зборот „координатори“.
- Во алинеја 4 се бришат зборовите „и теренска“.

Се додава нов став 4, кој гласи:

„Раководителите водат евиденција, се одговорни и доставуваат извештај до продеканот за применувачка дејност и управување со квалитет и продеканот за финансии и инвестиции. Продеканот за финансии и инвестиции врши проверка на извештајот и води евиденција за исплатите“.

**Член 30**

Во член 35, став 4 се бришат зборовите: „Исплатата се врши со примена на бодовите дадени во член 7, Прилог 1 на оваа одлука, а“.

**Член 31**

Во член 40, во став 1, бројот 39 се заменува со број 38.

**Член 32**

Поднасловот *Вредност на бодот за надоместоци* и членот 42 се бришат.

**Член 33**

Членовите 43, 44 и 45 стануваат членови 41, 42 и 43.

**Член 34**

По членот 41 се додава нов член: 41-а, кој гласи:

„Член 41 -а

За вработените распоредени на работните места под реден број 17 и 18 од табелата од член 7-ѓ, кои се стекнале со право на плата со претходната одлука, се доделуваат бодови заради надоместување до висина на платата исплатена за декември 2024 година.

Бодовите ќе се намалуваат со зголемување на минималната плата сè до порамнувањето.“

**Член 35**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

**Д е к а н**

**Проф. д-р Деан Јанкулоски, с.р.**

Врз основа на член 110, став (1), точка 13 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 154/2019, бр. 178/2021 и бр. 58/2024), член 2 од Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 161/2010), Колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 287/2022) и член 62, став 1, точка 15 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 460/2019 и бр. 460/2023 - Анекс), Наставно-научниот совет на Факултетот, на својата седница одржана на 18.11.2024 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје
## (пречистен текст)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат платите, надоместоците и додатоците на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје, како и на лицата кои вршат одредени активности поврзани со остварувањето на дејноста на Факултетот.

### Член 2

Вработениот има право на плата согласно со закон, Колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Колективниот договор), Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Правилник на Универзитетот), Статутот на Факултетот и со оваа одлука.

Покрај плата, вработениот има право на надоместок и додаток на плата и други надоместоци, надомест на трошоци поврзани со работата и надомест за вршење на дополнителни работи кои не спаѓаат во редовните работни обврски согласно со закон, Колективниот договор, Правилникот на Универзитетот, Статутот на Факултетот и со оваа одлука.

### Член 3

Платата на вработениот за работа со полно работно време и нормален работен учинок не може да биде пониска од основната плата утврдена со оваа одлука.

Доколку на Факултетот настанат тешкотии во работењето, на вработениот му се исплатува плата пониска од основната, но не пониска од онаа утврдена со Колективниот договор и закон.

### Член 4

Платата на вработениот се пресметува и се исплатува еднаш месечно, во паричен износ.

Платата, придонесите и даноците за задолжително осигурување на платите и надоместоците на вработениот ги исплатува Факултетот.

Платата, придонесите, даноците и другите давачки на платите и надоместоците на вработениот се исплаќаат:
- од средствата стекнати од Буџетот на Република Северна Македонија;
- од средствата од Буџетот на Република Северна Македонија и од средствата стекнати од други извори (кумулативно);
- од средствата стекнати од други извори.

Делот од платата, односно платата се исплаќа од средствата стекнати од други

извори, доколку на Факултетот се остварени приходи од други извори.

**Член 5**

Факултетот води евиденција за платите, додатоците и надоместоците на платите, како и на исплатените придонеси и додатоци од плата, а на работникот му издава пресметковна листа за исплатена плата.

## II. ПЛАТА

**Член 6**

Платата се состои од две компоненти, кои се исплаќаат во рамки на платата, и тоа:

а) Основна компонента на плата, која се состои од:
- основна бруто плата;
- дел од плата за работен стаж.

б) Исклучителна компонента на плата, која се состои од:
- дел од плата за работна успешност;
- додатоци и/надоместоци.

**а) Основна компонента на плата**

**Основна бруто плата**

**Член 7**

Основната бруто плата се состои од:
- дел кој се исплаќа од основниот буџет на Министерството за образование и наука (буџетски дел), и
- дел кој се исплаќа од сопствените приходи на Факултетот.

Вкупната плата се изразува врз основа на сопствена утврдена методологија на Факултетот во согласност со закон, Колективниот договор и оваа одлука.

**Член 7-а**

На Факултетот се утврдени следниве групи на сложеност на работните задачи:

1. За лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања (наставен кадар):
- I група на сложеност – асистент, стручен соработник;
- IV група на сложеност – доцент, вонреден професор и редовен професор, или по категории:

а) Категорија А – наставно-научни и научни звања:
- ниво А1 – редовен професор/ научен советник,
- ниво А2 – вонреден професор,/виш научен соработник,
- ниво А3 – доцент/научен соработник.

б) Категорија В – соработнички звања:
- ниво В1 – асистент,
- ниво Г3 – стручен соработник.

2. За вработените во Стручната и административна служба (ненаставен кадар):
- I група на сложеност – основно образование, односно НК-работник;
- II група на сложеност – средно образование;
- III група на сложеност – VI Б или више образование;
- IV група на сложеност – VI А или високо образование, или по нивоа/категории:

а) Категорија А
- ниво А2.

б) Категорија Б
- ниво Б4.

в) Категорија В
- ниво В1,
- ниво В2,

г) Категорија Г
- ниво Г1.

3. За помошно-технички кадар на Факултетот:

а) Категорија А1
- иво А1 – подгрупа 1,
- ниво А1 – подгрупа 2.

Со оваа одлука, во рамките на секоја група на сложеност ќе се утврди коефициент на сложеност за секое работно место во зависност од видот, обемот, сложеноста на работата и одговорноста за работите на работното место.

Работните места во Стручната и административна служба од исто ниво можат да имаат различна плата согласно со сложеноста, обемот на работните задачи и

слично, но не пониска од онаа утврдена со Колективниот договор.

Доколку на работното место за кое е предвиден понизок степен на стручна подготовка е вработен, односно работи вработен со повисок степен на стручна подготовка, платата му се исплатува според коефициентот на сложеност утврден за работното место.

**Член 7-б**

Основната компонента на бруто плата се исплаќа од основниот буџет на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, согласно со Законот за високото образование и Колективниот договор, за секое пополнето работно место согласно со Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје (Анекс бр. 11) (во понатамошниот текст: Правилникот за систематизација).

Платата на вработениот утврдена во став 1 на овој член не смее да биде во понизок износ од утврдената висина на минималната плата утврдена на национално ниво.

**Член 7-в**

Делот од основната бруто плата кој се исплаќа од сопствените приходи на Факултетот се утврдува според бодови за секое работно место утврдени со оваа одлука според степенот на стручната подготовка, видот, обемот, сложеноста на работите што работникот ги врши на работното место за кое склучил договор за вработување, односно на кое е распореден, одговорноста на работникот, стекнатите знаења и вештини.

Вредноста на бодот врз основа на која се врши исплаќање на основната компонента на бруто плата од делот на сопствените приходи зависи од расположливите средства на Факултетот.

**Член 7-г**

Надоместоците и додатоците на платата и делот од платата за работна успешност се дел од исклучителната компонента на платата.

**Член 7 -д**

Коефициентот за исплата на основната бруто плата, која се исплаќа од основниот буџет на Министерството за образование и наука, се утврдува согласно со коефициентите на сложеност на работните места дадени во табеларниот приказ на членот 20 од Колективниот договор и член 170-б од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.154/19, бр. 178/21 и бр. 58/24).

**Член 7-ѓ**

Висината на делот од основната бруто плата кој се исплаќа од сопствени приходи на Факултетот за нормираниот обем на работи и работни задачи, изразена во бодови по работни места, се утврдува според следниов распоред на бодови (Прилог 1):

| Ред. бр. | **Работни места односно работни задачи на вработените во категории и нивоа на работни места** | **Бодови** |
|---|---|---|
| 1. | Редовен професор/научен советник | 2188 |
| 2. | Вонреден професор/виш научен соработник | 2063 |
| 3. | Доцент/научен соработник | 1938 |
| 4. | Асистент | 2019 |
| 5. | Доктор по ветеринарна медицина | 1563 |
| 6. | Стручен соработник | 1563 |
| 7. | Стручен соработник – аналитичар | 1563 |
| 8. | Секретар на Факултетот | 1938 |
| 9. | Раководител на Одделение за финасиско и административно работење | 2019 |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | Советник за библиотечно работење | 1563 |
| 11. | Советник за финансиско работење | 1563 |
| 12. | Советник за сметководствено работење | 1563 |
| 13. | Советник за деловно работење | 1563 |
| 14. | Советник за ИКТ | 1563 |
| 15. | Советник за студентски прашања | 1563 |
| 16. | Помлад соработник за деловно работење | 1875 |
| 17. | Самостоен референт за сметководствени работи | 1875 |
| 18. | Самостоен референт за материјално и магацинско работење | 1875 |
| 19. | Самостоен референт за благајна | 1875 |
| 20. | Самостоен референт за јавни набавки | 1875 |
| 21. | Лаборант/ветеринарен техничар | 2063 |
| 22. | Одгледувач на домашни животни | 1500 |
| 23. | Хигиеничар | 1850 |

По исклучок на став 1 од овој член, за вработените лица кои земаат основна бруто плата само од сопствени средства/приходи на Факултетот, висината на платата се определува според коефициент од Колективниот договор за соодветното работно место и дел од бруто плата од сопствени приходи утврдени во табелата од став 1 од овој член.

**Член 8**

За да стекне плата, вработениот е должен во текот на 40-часовната работна недела да ја извршува работата утврдена во Правилникот за систематизација.

Извршувањето на работата треба да биде квалитетно, редовно, навремено, целосно и точно.

***Мерила и критериуми за остварување на основната компонента на плата на наставниот кадар***

**Основна бруто плата на наставниот кадар**

**Член 9**

Основната бруто плата на наставниот кадар (лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања), по одделни работни места, со полно работно време, се остварува според учеството во извршување на работи поврзани со наставната, научноистражувачката и применувачката дејност.

**Член 10**

Полното работно време на лицата избрани во наставно-научни и соработнички звања се распоредува на:

1. Работни часови за вршење на наставни активности на прв и на втор циклус студии, односно на интегрирани студии од прв и втор циклус – може да изнесуваат максимум 6 наставни часа неделно, односно максимум 180 наставни часа годишно (предавања, индивидуална настава, вежби, практична настава, теренска настава, клиничка настава и сл.).

Структурата од став 1, точка 1 на овој член се утврдува како што следува:

- 30 часа предавање;
- 40 часа подготовка за изведување наставни часови;
- 30 часа проверка на знаења;
- 60 часа консултации;
- 20 часа индивидуална работа со студенти (домашни задачи, семинарски работи, проекти, проектни задачи и сл.).

Со исполнување на 30 часа предавања се смета дека наставникот остварил 180 часа годишно.

Ако наставникот држи вежби, одржан час вежби се засметува во сооднос 1,5 часа вежби е еднакво на 1 час предавања.

2. До исполнување на 40-часовната работна недела, наставниот кадар врши и други работи:
а) научноистражувачка и применувачка дејност;
б) научно и стручно усовршување;
в) учествува во работата и управувањето на Факултетот (Наставно-научен совет, Деканатска управа);
г) телата на Факултетот: Стручен колегиум, Наставно-научен колегиум на студиска програма за специјалистики студии, Совет на студиска програма за трет циклус студии, Тело за контрола на квалитет, Наставно-стручен колегиум и сл.

Полното работно време за лица избрани во научни звања се распоредува на:
а) работни часови за вршење научно-истражувачка дејност;
б) работни часови за научно и стручно усовршување;
в) работни часови за наставни активности на втор циклус студии, што ги утврдува единицата до нивото од утврдени 40 часа работна недела;
г) работни часови за учество во работата на органите и телата на Факултетот.

Основната плата на соработниците со полно работно време се остварува за извршување вежби во обем од 360 часа годишно.

Со исполнување на 60 часа вежби се смета дека соработникот остварил 360 часа годишно.

***Други работи***

**Член 11**

Под извршување други работи се смета следново:
- постојано научно и стручно усовршување;
- издигнување на научен подмладок;
- учество во работата на организационите единици;
- други активности поврзани со унапредувањето на наставно-образовниот процес;
- учество во применувачката дејност на Факултетот.

**Член 12**

Доколку лицето избрано во наставно-научно, научно и соработничко звање не ги исполнува критериумите од членовите 10 и 11 од оваа одлука за да оствари основна плата, тогаш извршува работи во високообразовна дејност во обем потребен за да ја оствари основната плата. Ако и во тој случај не може да го оствари потребниот обем, платата му се утврдува согласно со обемот на работата или со вршење работи и задачи од член 25 на оваа одлука.

Наставно-научниот совет е должен да обезбеди ангажман на наставно-научниот, научниот и соработничкиот кадар за исполнување на нормираниот обем за остварување на основната плата.

**Член 13**

Распределбата на работите и задачите на наставниот кадар и нивното вреднување се врши согласно со мерилата и критериумите утврдени со оваа одлука, со закон, Колективниот договор и со договорот за вработување.

**Други вработени на Факултетот**

*Висина на основната компонента на плата на ненаставниот кадар во Стручната и административна служба и помошно-техничкиот кадар*

**Член 14**

Основната плата на вработените во Стручната и административна служба, помошно-техничките лица и на другите вработени на Факултетот се утврдува за полно работно време во вршењето на работата во петдневна работна недела според Правилникот за систематизација.

По исклучок, работното време за работниците од редот на помошно-техничкиот персонал може да се уреди со одлука на единицата и договорот за вработување.

**Дел од плата за работен стаж**

**Член 14-а**

Основната бруто плата на вработените се зголемува за 0,5 % за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20 %.

**б) Исклучителна компонента на плата**

**Дел од плата за работна успешност**

**Член 15**

Делот од плата за работна успешност се исплаќа во случаи на:

- вонредно и натпросечно оптоварување на вработениот;
- зголемен обем на работа;
- предвремено и квалитетно извршување на работите.

*Мерила и критериуми за дел од плата за работна успешност*

**Член 16**

На работникот му се исплаќа дел од плата за работна успешност за:

- извршени работи и задачи утврдени со Правилникот за систематизација, доколку тие работи се извршени во обем поголем од 30 % од обемот кој претставува просечен (нормален) учинок;
- креативност и инвентивност во извршените работи;
- посебен придонес во подобрувањето на квалитетот на реализираните работи.

**Член 17**

Основната плата на работникот по основ на работна успешност во текот на месецот може да се зголеми до 30 % од основната плата, земајќи ги предвид домаќинскиот однос, квалитетот и обемот на вршењето на работата, за која работникот го склучил договорот за вработување.

Делот од платата за работна успешност може да се исплати од сопствени приходи, доколку за тоа Факултетот има обезбедено средства за таа намена, а согласно со мерила и критериуми за делот од плата за работна успешност утврдени со општ акт на Факултетот.

**Член 18**

За работната успешност на вработените се води евиденција согласно со Правилникот за систематизација, за што се изготвува извештај во кој се наведуваат критериумите од членот 16 на оваа одлука.

Исплатата се врши со решение на деканот врз основа на одлука на Деканатската управа.

Извештајот и решението се изготвуваат по завршувањето на месецот во кој се извршени работите.

**3. Додатоци**

*Други надоместоци и примања*

**Член 19**

Вработените лица имаат право на надоместоци на трошоци согласно со законски прописи и Колективниот договор, и тоа за:

- одвоен живот од семејството;
- во случај на смрт на вработеното лице или на смрт на член на потесното семејство на вработеното лице и за непрекинато боледување подолго од 6 месеци;
- во случај на потешки последици од елементарни непогоди;
- остварување на правото на отпремнина за заминување во пензија.

**Член 20**

Вработените лица имаат право на надомест за јубилејни награди согласно со закон и со Колективниот договор, врз претходно донесен акт на Наставно-научниот совет.

Исплатата на јубилејна награда се врши доколку Факултетот има обезбедено средства од сопствени приходи.

Исплатата се врши со решение на деканот.

**Член 21**

Вработените лица имаат право на надомест за годишен одмор (регрес) согласно со закон и со Колективниот договор, врз претходно донесен акт на Наставно-научниот совет на Факултетот.

Висината на регресот за годишен одмор изнесува најмногу 60 % од просечната месечна бруто плата по работник во државата која важи на денот на донесување на одлуката за исплата.

Исплатата на регресот се врши доколку Факултетот има обезбедено средства од сопствени приходи.

Исплатата се врши со решение на деканот.

*Функционален додаток на плата*

**Член 22**

За извршување на раководни функции се исплаќа функционален додаток, кој се изразува во коефициенти во однос на износот на минималната нето плата и се утврдува во висина:

1. за декан – во висина од 1,7 коефициент;
2. за продекан /раководител на институт – во висина од 1,3 коефициент.

Износот на функционалните додатоци од став 1 од овој член се исплатува од започнувањето на извршувањето на функцијата, па до нејзиното престанување.

Функционалниот додаток на плата се исплаќа од сопствените приходи на Факултетот.

*Други додатоци на основната плата*

**Член 23**

Вработените лица имаат право на додаток на основната бруто плата за прекувремена работа, ноќна работа, работа во денови на празници, неработни денови и изложеност на ризик во согласност со закон и Колективниот договор.

Средствата за овие додатоци се исплаќаат од основниот буџет на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Вработените лица имаат право на надоместок за службено патување во согласност со закон и Колективниот договор, кој се исплаќа од сопствените средства на Факултетот.

**Вредност на бодот**

**Член 24**

Делот од основната бруто плата кој се исплаќа од сопствените приходи на Факултетот се искажува во бодови за секое работно место утврдено со Правилникот за систематизација.

Во бодови се искажуваат и надоместоците и додатоците на плата, како и дополнителните средства, утврдени со оваа одлука, кои се исплаќаат од сопствените приходи на Факултетот.

Вредноста на бодот е единствена за сите основи од ставовите 1 и 2 од овој член.

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, ја определува Деканатската управа.

## III. НАДОМЕСТОЦИ

### 1. Надоместоци од плата и надомест на трошоци поврзани со работата

**Член 25**

Вработените имаат право на надоместоци на плата и надомест на трошоци поврзани со работата согласно со основите и критериумите утврдени со закон и со Колективниот договор.

Вработените имаат право и на дополнителни средства кои се исплаќаат од сопствени приходи врз основа на договор за дело или авторски договор за реализација на наставни, научни, стручни, применувачки и други интелектуални и професионални активности.

### 2. Надоместоци за вршење на дополнителни работи и задачи кои не спаѓаат во редовни работни обврски

**Наставен кадар**

**Член 26**

На наставниот кадар (лица избрани во наставно-научно, научно и соработничко звање) на Факултетот му се исплатува надомест за вршење на работи и задачи за:

- извршување работи за реализација на студиска програма по англиски јазик;
- извршување работи за реализација на специјалистички студии;
- извршување работи за реализација на трет циклус студии;
- учество во рецензентска комисија за избор во звање;

- издавачка дејност;
- вршење на други активности поврзани со високообразовната, научноистражувачката и применувачката дејност (раководење со лаборатории, координација, клиничка и теренска пракса и сл.);
- вршење работи на научноистражувачки и применувачки проекти;
- реализација на применувачка и научноистражувачка дејност;
- настава на нематични факултети.

*Извршување работи за реализација на студиска програма на англиски јазик*

**Член 26-а**

За реализација на наставната програма на англиски јазик се исплаќа надомест врз основа на видот и обемот на ангажманот на лицата вклучени во реализација на студиската програма согласно со одлука донесена од Наставно-научниот совет.

Ангажираните лица доставуваат извештај за извршените активности до продеканот за настава.

Продеканот за настава води евиденција за реализираната настава и доставува извештај до деканот на Факултетот. Продеканот за финансии и инвестиции врши проверка на вкупниот обем часови за соодветната студиска програма заради исплата.

*Извршување работи за реализација на постдипломски – магистерски, односно специјалистички студии и докторски студии*

**Член 27**

За реализација на специјалистичките студии, се исплаќа надомест утврден врз основа на видот и обемот на ангажманот на лицата вклучени во реализација на студиската програма согласно со одлука донесена од Наставно-научниот совет.

Раководителите на наставно-научните колегиуми на студиските програми за специјалистички студии водат евиденција и доставуваат извештај за реализација на наставата. Извештајот се доставува до продеканот за наука и меѓународна соработка заради одобрување, по што се проследува до продеканот за финансии и инвестиции. Продеканот за финансии и инвестиции врши проверка на вкупниот обем часови и нивната реализација заради исплата.

**Член 28**

За наставно-научните и научните работници, за изведување менторска настава за секој студент, се исплатува надоместок изразен по бодови во следниов износ:

- редовен професор/научен советник – 6 бода за 1 час.
- вонреден професор/виш научен соработник – 6 бода за 1 час.
- доцент/научен соработник – 6 бода за 1 час.

Раководителите на студиските програми водат евиденција, се одговорни и доставуваат извештај за лицата, видот и обемот на наставата. Извештајот се доставува до продеканот за наука и меѓународна соработка и продеканот за финансии и инвестиции. Продеканот за финансии и инвестиции врши проверка на вкупниот обем часови за соодветната катедра согласно со распоредот на часовите и врши евиденција на исплатите.

**Член 29**

За реализација на третиот циклус студии, надоместоците се исплаќаат согласно со Правилникот за кофинансирање на трошоците за студирање на трет циклус – докторски студии на Универзитетот и одлука донесена од Наставно-научниот совет.

*Учество во рецензентска комисија за избор во звање*

**Член 30**

За учество во комисија за изработка на реферат за избор во наставно-научно, научно и соработничко звање се исплатуваат следниве износи изразени во бодови:

- претседател на комисија – 300 бода;
- член на комисија – 200 бода.

Евиденција за учество и исплата води продеканот за финансии и инвестиции.

*Издавачка дејност*

**Член 31**

За учество во рецензентска комисија на учебник или учебно помагало и уредник на издание и/или меѓународно или домашно научно списание се исплаќа надомест за:

- рецензент на учебник – 1000 бода;
- рецензент на учебно помагало и сл. – 500 бода;
- уредник на монографија, книга на апстракти, зборник од научен собир и сл. – 1000 бода;
- уредник на домашно списание (издание) – 2000 бода;
- уредник (главен и коуредник) на меѓународно научно списание – 3000 бода;
- автор на рецензиран учебник за настава – 3000 бода, рецензирано учебно помагало за настава – 2000 бода, рецензирана скрипта, практикум или упатства за вежби за настава и сл. – 1000 бода.

*Учество во работа на комисии, работни групи и тела и сл.*

**Член 32**

На членови на комисија, одбор, работна група или тело и сл., формирани од орган на Факултетот, по предлог на раководно лице, им се исплаќа надомест во зависност од обемот и степенот на сложеност на работните задачи.

Надоместот се исплаќа:

- за стручно-аналитички работи (нормативни акти, студиски програми, самоевалуација, проекти, стратегии, програми и сл.);
- за експертски анализи (за прашања од конкретна област);
- за стручни работи (лабораториски и клинички анализи и сл.);
- за реализација на курсеви, семинари, обуки, работилници, симпозиуми, конгреси, перманентно образование и сл.;
- за други активности (организациони, манифестациони и промотивни активности, саеми за кариера, други слични работи, како и помошни активности во работата на единиците –институти: катедри, лаборатории, центри, клиники и сл.);
- за помошни и технички работи.

Надоместоците се исплатуваат врз основа на поднесен извештај за извршена работа со бодови утврдени во оваа одлука.

Продеканот за финансии и инвестиции врши проверка на извештајот и води евиденција за исплатите.

Висината на надоместот на лицата од став 2 на овој член изнесува до 4000 бода.

Одлуки за извршување на работите од став 2 на овој член донесува Деканатската управа.

Исплатата се врши со решение на деканот.

*Други активности поврзани со високообразовна и применувачка дејност (раководење со лаборатории, координација, клиничка и теренска пракса и сл.)*

**Член 33**

На вработени за извршување на други активности поврзани со високообразовна и применувачка дејност, еднаш во годината, им се исплаќа надомест врз основа на обемот и сложеноста на работа (раководење и координација со вработени, опрема и други ресурси, воведување на нови и одржување на акредитирани методи и клинички работи, воведување на нови и иновативни хируршки интервенции, теренска практика и активности на терен, унапредување на високообразовната дејност и сл.).

Надоместокот се исплаќа на:

- раководител на Лабораторија со акредитирани методи, раководител на Лабораторија за прием и обработка на примероци и на раководител на Лабораторија со апликативна дејност за потребите на Факултетот;
- раководител на Универзитетската ветеринарна болница;
- координатори во тело за контрола на квалитет;

- координатор за изведување на клиничка практика.

Висината на надоместот на лицата од став 2 на овој член изнесува 3000 бода.

Раководителите водат евиденција, се одговорни и доставуваат извештај до продеканот за применувачка дејност и управување со квалитет и продеканот за финансии и инвестиции. Продеканот за финансии и инвестиции врши проверка на извештајот и води евиденција за исплатите.

Одлуки за извршување на работите од став 2 на овој член донесува Деканатската управа.

Исплатата се врши со решение на деканот.

*Вршење работи на научноистражувачки и применувачки проекти*

**Член 34**

Надоместоците за вршење работи на научноистражувачки и применувачки проекти се исплаќаат со одлука на Деканатската управа, по предлог на раководителот на проектот и согласно со финансискиот план на проектот.

Одлуки за учество на лицата за извршување на работите од став 1 на овој член донесува Деканатската управа, по предлог на раководителот на проектот.

Продеканот за финансии и инвестиции врши проверка на извештајот и води евиденција за исплатите.

Надоместоците се исплатуваат врз основа на поднесен извештај од раководителот на проектот, со бодовни вредности за извршени работни задачи.

Исплатата се врши со решение на деканот.

*Реализација на применувачка и научноистражувачка дејност*

**Член 35**

На вработените на Факултетот им следува надоместок од средствата остварени од вршење на применувачка и научноистражувачка дејност.

Доколку Факултетот има остварено нето вишок на приходи – добивка по оданочување, со одлука на Деканатската управа може да се исплаќа во текот на наредната година надоместок во висина до 50 % од износот на нето вишок на приходи – добивка по оданочување.

Висината на средствата од став 2 на овој член се утврдува со одлука на Деканатската управа.

Пресметката се прави врз основа на вкупната плата (основна компонента на плата со минат труд и исклучителна компонента).

Исплатата се врши со решение на деканот.

*Други стручни услуги*

**Член 36**

На лица кои учествувале во судско-ветеринарни вештачења по барање на судските органи им се утврдува надомест од 500 до 1000 бода.

Одлуки за извршување на работите од став 1 на овој член донесува Деканатската управа.

Исплатата се врши со решение на деканот.

*Изведување настава на други факултети и научни институти на Универзитетот*

**Член 37**

Изведувањето настава на други факултети и институти во состав на Универзитетот се регулира врз основа на Одлуката за начинот на утврдувањето на цената на наставно-образовната дејност што се изведува на нематичните факултети и институти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 160/2010 година).

*Ненаставен кадар*

**Член 38**

На останатите вработени на Факултетот им се исплаќа надомест за вршење на работи и задачи за стручно, административно и техничко учество во извршување на работите од член 26 од оваа одлука.

Одлука за учество на лицата за извршување на работите од став 1 на овој член донесува Деканатската управа.

Исплатата се врши со решение на деканот.

## IV. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ ВИСОКООБРАЗОВНА, НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ ОД СТРАНА НА ЛИЦА КОИ НЕ СЕ ВРАБОТЕНИ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 39**

На визитинг-наставник, истакнат стручњак од практиката, член на комисија, одбор, работна група или тело и сл., формирани од орган на Факултетот, им се исплаќа надомест.

Надоместот се исплаќа за следниве активности: изведување на теоретска и практична настава, подготовка на материјали за изведување на практична настава, за помошни и технички работи кои се однесуваат на организација, подготовка и изведување на сите облици на практична работа и вежби, помагање при експерименти и зафати на експериментални животни, за стручно-аналитички работи при изработка на нормативни акти, студиски програми, самоевалуација, проекти, стратегии, програми и сл., за експертски анализи и за прашања од конкретна област, за стручни работи поврзани со дејноста на Факултетот, за реализација на проекти, курсеви, обуки, семинари, работилници, симпозиуми, конгреси, перманентно образование и сл., како и за помошни активности во работата на Факултетот.

Надоместоците се исплатуваат врз основа на поднесен извештај од страна на учесниците, одобрен од орган на Факултетот.

Висината на надоместот на лицата од став 1 на овој член изнесува до 3000 бода.

Одлуки за учество на лицата за извршување на работите од став 2 на овој член донесува Деканатската управа.

Исплатата се врши со решение на деканот.

## V. СРЕДСТВА ЗА ИСПЛАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ

**Член 40**

Исплата по основите од член 35 и член 38 од оваа одлука се врши во рамките на остварените приходи, и тоа од соодветните основи врз основа на кои е стекнат приходот.

Исплатата се врши откако од вкупните средства стекнати од соодветниот основ се изврши распределба по намени согласно со Одлуката за стекнување и распределба на приходите на Факултетот и доколку има обезбедено финансиски средства за одредена намена.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 41**

Исплатите по оваа одлука ќе се вршат во рамките на обезбедените средства за соодветните намени.

**Член 41 -а**

За вработените распоредени на работните места под реден број 17 и 18 од табелата од член 7-ѓ, кои се стекнале со право на плата со претходната одлука, се доделуваат бодови заради надоместување до висина на платата исплатена за декември 2024 година.

Бодовите ќе се намалуваат со зголемување на минималната плата сè до порамнувањето.

**Член 42**

За сè што не е уредено со оваа одлука се применуваат одредбите од Законот за работните односи, Колективниот договор, актите на Универзитетот и другите прописи кои ја регулираат оваа материја.

**Член 43**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Деан Јанкулоски, с.р.**